**20252454759**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 17 став (1) од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/23), а во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за корисниците на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 242/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2026 година се одобрува да изнесува 11.540.594.396 денари.

2. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2026 година се утврдува да изнесува 2,1813 ден/kWh за планирана испорака на 5.290.733.114 kWh електрична енергија за корисниците приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 1 од оваа одлука, и регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија во износ од 0,3018 ден/kWh, утврдена со Одлука за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО - Скопје, тарифите за пресметковните елементи за категориите на корисници, врз основа на кои Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| Категории на приклучоци | Надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем (денари/месец) |
|---|---|
| MV1 | 1500 |
| MV2 | 1500 |
| LV1.2 | 1500 |
| LV1.1 | 0 |
| LV2 | 200 |

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 200,94 | 0,0869 | 0,0348 |
| MV2 | 410,81 | 0,2610 | 0,1044 |
| LV1.2 | 679,36 | 0,4149 | 0,1660 |
| LV1.1 | x | 3,0066 | x |
| LV2 | x | 1,7321 | x |

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 200,94 | 0,3887 | 0,0348 |
| MV2 | 410,81 | 0,5628 | 0,1044 |
| LV1.2 | 679,36 | 0,7167 | 0,1660 |
| LV1.1 | x | 3,3084 | x |
| LV2 | x | 2,0339 | x |

4. Тарифите за пресметковните елементи за категориите на корисници од точка 3 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2026 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Претседател,

**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр.08-1945/25

5 декември 2025 година

Скопје